Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 18-1800/2
21.11.2022 год.
С К О П Ј Е / SHKUP

**ДО:ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско**
**с.Банско бб**

Број 18-1800/2
Датум: __.__.2022

**ПРЕДМЕТ:** Претходно мислење

**ВРСКА:** Ваше барање со бр.05-04/136 од 16.11.2022 година

Во врска со вашето барање под горенаведениот број и датум, а врз основа на член 45 став (1) алинеја 5 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“, бр. 24/19), Бирото за јавни набавки го дава следново мислење:

Согласно со член 55 став (1) точка г) од законот, договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без објавување оглас за јавна набавка за стоки, услуги или работи доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат. Околностите со кои се оправдува крајната итност во никој случај не смеат да бидат такви за да му се припишат на договорниот орган.

Во однос на вашето барање за спроведување постапка со преговарање без објавување на оглас за набавка на стоки – Набавка на котел на нафта, со проценета вредност од 234.110,00 денари а земајќи го предвид образложението и доказите во прилог, Бирото за јавни набавки е на мислење дека во конкретниов случај **се исполнети** условите за спроведување на постапката со преговарање без објавување оглас.Мислењето на Бирото е исклучиво за постапката за преговарање согласно настанатата ситуација на Договорниот орган и не се однесува за избор на конкретен економски оператор.

Одговорноста за изборот и спроведувањето на постапката со преговарање како исклучителна постапка е одговорност на договорниот орган, а Бирото го дава ова мислење исклучиво врз основа на образложението и приложената документација.

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

Ministria e Finansave
Byroja e Prokurimit Publik

Палата „23 Октомври“
ул. „Даме Груев“, бр.12
2-кат,1000 Скопје,
Република Македонија

Pallati „23 Oktomvri“
rr. „Dame Gruev“, nr.12
kati i 2-të, 1000 Shkup,
Republika e
Maqedonisë së Veriut

Тел./Tel. (02) 3255 689
Факс/Faks: (02) 3255 689
Е-пошта/Posta e.:
info@bjn.gov.mk
www.bjn.gov.mk

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

**Директор**
**Борче Хаџиев**